ЛЕКЦИЈА 20

# КОМБИНИРАНО УЧЕЊЕ

ПОДГОТОВКА : 30' | НАСТАВА : 1 X 60'

## АПСТРАКТ

Ова сценарио за учење го воведува во настава поимот за комбинирано учење. Учесниците ќе научат за концептот на комбинирано/мешано учење и неговата дефиниција како наставна практика која се интегрира онлајн со традиционалните активности на часовите лице в лице со цел да се подобрат методите на учење. Тоа е форма на хибридно образование што користи онлајн технологија не само за дополнување, туку и трансформирање и подобрување на процесот на учење.

## КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

*Комбинирано учење, Едукација, Хибридна едукација/учење, Превртена училница*

## ОНЛАЈН ЕДУКАТИВНИ РЕСУРСИ

- *Видови на комбинирано учење: Превртена училница, Хибридно учење*
- *Веб-сајт Teachtought исто така обезбедува корисни и илустративни табели со 12 примери на комбинирано учење*
- *What is Blended Learning?, корисно видео кое го претставува концептот*
- *YouTube видео Blended learning & flipped classroom, кое го објаснува комбинираното учење во детали и го илустрира најглавниот модел – превртена училница, еден од најкористените и најефективните модели.*

## ЦЕЛТА НА ЛЕКЦИЈАТА

Целта на часот е учесниците да го разберат поимот комбинирано/мешано учење, да се запознаат со неговите главни видови и да ја сфатат неговата важност во образовниот процес.

## РЕЗУЛТАТИ ОД ЛЕКЦИЈАТА

Учесниците ќе стекнат подобро разбирање за поимот комбинирано/мешано учење и ќе бидат запознаени со неговата дефиниција; тие ќе се запознаат со неговите главни типови и ќе ја сфатат неговата важност во образовниот процес и ќе можат да го препознаат мешаното учење и неговите методи во пракса.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕКЦИЈАТА

**1-5 минути: Загревање** - Ефективен начин за вклучување на учесниците и поставување на заеднички очекувања за тоа што ќе научат е да се постават неколку прелиминарни прашања на оваа тема. Едукаторот ја воведува темата и содржината на часот, подготвува PowerPoint/Prezi презентација и онлајн материјали-видеа; различни наставни методи: предавање, дискусија, групна работа, саморефлексија.

**5-35 минути: Заедничко учење и употреба на веб ресурси како материјал за учење** - првите 30 минути учесниците зборуваат за комбинираното учење. Во првите 10 минути, едукаторот дава дефиниција и ги запознава учесниците со клучните карактеристики и претпоставки за комбинираното учење. Во следните 20 минути, едукаторот пушта неколку кратки видеа за комбинираното учење и дискутира за тоа со учесниците.

***Што е комбинирано учење?*** - кратко видео, кое го дефинира комбинираното учење како фундаментална промена во дизајнот на образованието со користење на комбинација од објекти за дигитално учење и активни методи на учење за подобрување на искуството и резултатите од учењето.

***Комбинирано учење и превртена училница*** - друго YouTube го објаснува комбинираното учење подетално како образовна техника која вклучува комбинација од онлајн материјали и физичка настава, а особено го илустрира едниот од нејзините главни модели – превртена училница, како вид на комбинирано учење каде студентите го гледаат својот материјал за предавање дома и ги извршуваат предметите на час.

***Комбинирано учење: направете го тоа да функционира во вашата училница*** - третото видео, продуцирано од Едутопиа, е пример за тоа како комбинираното учење всушност изгледа во училница и пракса, и го дефинира како пристап на цело училиште за комбинирано учење што им овозможува на наставниците флексибилност да дефинираат и имплементираат онлајн настава што ги задоволува потребите на нивните ученици.

**35-55 минути: Работа во групи** – наоѓање пример за комбинирано учење. Откако учесниците ќе ги погледнат горенаведените видеа и ќе се запознаат со поимот мешано учење, едукаторот ги дели учесниците во групи. Сите тие ја посетуваат веб-страницата ***Teachtought*** и ја проучуваат илустративна табела со 12 примери за комбинирано учење. Потоа, од секоја група се бара да замисли пример на тема од областа на медиумската писменост која се предава, презентира или покрива со употреба на мешано учење.

**55-60 минути: Заклучок** - Направете кратко резиме на лекцијата и поставете неколку прашања кои помагаат во поентирање на најважните пораки што би сакале да ги дадете.

## МАТЕРИЈАЛИ / АЛАТКИ

Видео проектор, лаптоп/десктоп, интернет конекција, Moodle. PowerPoint презентација која е збогатена со визуелни и онлајн материјали (слики и видео клипови) и фактички информации базирани на истражување.